Врз основа на член 28 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.61/04, 96/04 ,67/07,156/09, 47/11,192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ„ бр. 244/19,53/21,77/21, и 150/21 ) а во согласност со член 113 од Статутот на општината Демир Хисар („Службен гласник„бр.3/02, 04/05, 07/09, 13/14,18/16, и 10/19) Советот на општината Демир Хисар на 4та седница одржана на ден 29.12. 2021 година , донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ВРЕМЕНО ФИНАНСИРАЊЕ

Член 1

Се одобрува времено трошење на средства за редовно и нормално извршување на функциите на општина Демир Хисар и буџетските корисници во нејзин состав за периодот од 01.01.2022 год. до 31.03.2022 година .

Член 2

Трошењето на средствата по сметки , програми, потпрограми и ставки за секој месец ќе се врши најмногу до висина од 1/3 од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година најдоцна до 31 март а имајќи ги во предвид и готовинските текови .

Член 3

Со донесувањето на оваа Одлука како нејзин составен дел се донесува и финансики план за нејзино спроведување за период од 01.01.2022 год. до 31.03.2022 год. кој воедно ќе биде составен дел на Буџетот за тековната година. Висината од 1/3 од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година ја одредува Министерството за финансии.

Член 4

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Одделението за финансиски прашања при општина Демир Хисар .

Член 5

Одлуката влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Хисар„.

Бр. 17-1231/3<br>29.12. 2021 г.<br>Демир Хисар

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР<br>Претседавач,<br>Љупчо Најдовски